# З А П И С Н И К
## Од Педесет и петтата седница на Програмскиот совет на МРТ одржана на 29.07.2026 година, во 11:00 часот, сала за состаноци во МРТ

**Присутни членови на Педесет и петтата седница на Програмски совет на МРТ:** ***Давор Пашоски, Беким Лачи, Музбајдин Ќамиљи, Владимир Палашевски, Билјана Бабиќ Патриот Лумани, Ивана Ефремовски, Лазо Трпков и Маја Седрак,***

**Онлајн присутни на седницата:** ***Миле Гроздановски, Марјан Велевски, Томислав Кежаровски и Бурим Рамадани.***

Педесет и петтата седница на Програмскиот совет започна во 11:05 часот, со утврдување присуство на сите членови, односно обезбеден кворум за работа од страна на Претседателот на Програмскиот совет Давор Пашоски.

Претседателот на Програмскиот совет, Давор Пашоски го прочита Дневниот ред за Педесет и петтата седница, како што следува подолу:

**<u>Дневен ред:</u>**

1. **Разгледување и усвојување на Записникот од 54-та седница на Програмскиот совет на МРТ**
2. **Разгледување на приговорот на Денис Шабани**
3. **Започнување на постапката за подготовка и донесување на Годишната програма за работа на Македонската радио-телевизија за 2027 година**

Претседателот го стави Дневниот ред на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 1. Разгледување и усвојување на Записникот од 54-та седница на Програмскиот совет на МРТ**

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ го прочита текстот на Предлог-записникот од Педесет и четвртата седница на Програмскиот совет. Текстот на предлог записникот беше ставен на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 2. Разгледување на приговорот на Денис Шабани**

Претседателот Давор Пашоски ја отвори втората точка од Дневниот ред и рече дека се разгледува Приговорот поднесен од Денис Шабани против Одлуката за избор на заменик на директорот на МРТ.

До Програмскиот совет е доставен Приговор со кој подносителот ја оспорува Одлуката за избор на заменик на директорот на МРТ, донесена на 52-та седница на Програмскиот совет, одржана на 13 јули 2026 година. Во приговорот се наведува дека избраниот кандидат, според мислењето на подносителот, не ги исполнува условите пропишани со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и со јавниот конкурс, поради што се бара поништување на донесената одлука и спроведување нов избор. Дополнително, подносителот наведува дека, доколку Програмскиот совет смета дека не е надлежен да постапува по приговорот, истиот да биде препратен до друг надлежен орган.

Пред да се почне со разгледување на наводите содржани во самиот приговор, Програмскиот совет, како и секој орган што постапува по поднесено правно средство, најнапред има обврска да ја испита неговата процесна дозволеност и сопствената надлежност за постапување.

Во конкретниот случај, од увидот во важечката законска и статутарна рамка, произлегува дека Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги не предвидува право на приговор против одлуката на Програмскиот совет за избор на директор или заменик на директор на Македонската радио-телевизија.

Имено, согласно член 130 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, постапката за избор и разрешување на директорот и заменикот на директорот се уредува со Статутот на МРТ. Понатаму, членовите 60 до 64 од Статутот детално ја уредуваат целокупната постапка, од распишување на јавниот конкурс, условите што треба да ги исполнуваат кандидатите, доставувањето на пријавите, разгледувањето на програмите, начинот на гласање, па сè до донесувањето на одлуката од страна на Програмскиот совет. Меѓутоа, ниту Законот, ниту Статутот предвидуваат можност против таа одлука да се поднесе приговор до самиот Програмски совет.

Оттука, Програмскиот совет нема законска надлежност повторно да ја преиспитува сопствената одлука по пат на приговор, бидејќи таков правен лек едноставно не е предвиден во позитивните прописи.

Во однос на барањето содржано во приговорот истиот, доколку Програмскиот совет смета дека не е надлежен да постапува по него, да биде препратен до друг надлежен орган, беше истакнато дека ниту Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ниту Статутот предвидуваат таква обврска за Програмскиот совет во рамките на постапката за избор на директор или заменик на директор. Со оглед дека со овие прописи не е предвидено право на приговор против одлуката за избор, не е утврдена ниту постапка во која Програмскиот совет би постапувал по таков приговор или би го препраќал на друг орган.

Во самата Одлука за избор на заменик на директорот, донесена на 52-та седница на Програмскиот совет, е наведено дека тужбата не го одлага извршувањето на Одлуката. Програмскиот совет, меѓутоа, при одлучувањето по конкретно поднесениот приговор не навлегува во прашањето за можностите и начинот на остварување на евентуална судска заштита, ниту во прашањето за надлежноста на суд или друг орган, туку ја оценува исклучиво

дозволеноста на приговорот и постоењето правен основ Советот да постапува по него во рамките на своите законски и статутарни надлежности.
Оттука, Програмскиот совет не може по повод овој приговор да навлегува во оценување на основаноста на наводите изнесени во него. Навлегувањето во таква оценка би значело суштинско преиспитување на веќе донесената одлука по правен лек кој не е предвиден со Законот и Статутот.
Како орган на управување, Програмскиот совет е должен да постапува исклучиво во рамките на своите законски и статутарни овластувања. Начелото на законитост налага органите да ги вршат само оние надлежности што им се изречно доверени со закон, без можност тие надлежности да се прошируваат со толкување или по сопствена иницијатива.
Поради сите овие причини, Претседателот Давор Пашоски предложи Програмскиот совет да донесе Решение со кое Приговорот се отфрла како недозволен бидејќи не постои законска основа Програмскиот совет да постапува по него.

Претседателот отвори дискусија по оваа точка од Дневниот ред.
Прва зема збор Ивана Ефремовски која рече дека Приговорот на Денис Шабани смета дека е неоснован и дека истиот Програмскиот совет треба да го одбие.
Во однос на истиот таа смета дека Програмскиот совет на МРТ не е надлежен да носи дополнителни одлуки. Сепак, како член на Програмскиот совет на МРТ, таа посочи дека до неа во изминатиот период стигнале информации и сознанија за одредени постапувања на Денис Шабани во комуникацијата со дел од членовите на Програмскиот совет, кои, според нејзиното укажување, можеле да бидат доживеани како форма на притисок. Таа наведе дека станувало збор за директна комуникација, како и за пораки пренесувани преку трети лица, за кои смета дека можеле да се протолкуваат како обид за влијание врз ставовите на одделни членови при донесувањето на оваа, но и на други одлуки на Програмскиот совет. Таа истакна дека овој состав на Програмскиот совет на МРТ покажал дека е во служба на општеството, а не на поединци и дека јавниот интерес, а не нечиј личен интерес секогаш ќе биде приоритет на Советот. Имено, таа истакна дека неговите обвинувања дека Советот донел незаконита и неправилна одлука, со ништо во приговорот не ги докажува, што и остава простор да оцени дека со свои претпоставки се обидува да го наруши кредибилитетот и на Програмскиот совет на МРТ и на изборниот процес. Условите во конкурсот беа јасно наведени и нив Шабани како еден од кандидатите би требало да ги знае. Дополнително, изборот на Заменикот на директорот на МРТ беше анонимен и членовите гласаа за понудена програма, а не за нечие име и презиме. Воедно таа истакна дека Програмскиот совет на МРТ целиот процес го водеше според закон, со особено внимание на секој од условите, за што Советот имаше побарано и релевантно правно толкување.
Томислав Кежаровски зема збор и истакна дека овој состав на Програмскиот совет веќе спроведе постапки и донесе одлуки за избор на директор и заменик на директорот на МРТ. Во таа насока, посочи дека лицата кои ги оспоруваат донесените одлуки треба да ги имаат

предвид законски и статутарно утврдените надлежности на Програмскиот совет, како и рамките во кои Советот може да постапува по поднесоци поврзани со овие постапки.

Владимир Палашевски зема збор и истакна дека Програмскиот совет на МРТ ја донел Одлуката за избор на заменик на директорот на МРТ во рамките на своите законски и статутарни надлежности. Во однос на поднесениот приговор од Денис Шабани, посочи дека Програмскиот совет нема надлежност повторно да ја преиспитува донесената одлука по пат на приговор, ниту, според него, постои обврска Советот да го препраќа поднесокот или документацијата до друг орган.

Понатаму, збор зема Маја Седрак, која истакна дека евентуалното оспорување на Одлуката за избор треба да се остварува по соодветен правен пат, а не преку приговор до Програмскиот совет. Таа посочи дека постапката за избор на заменик на директорот на МРТ е спроведена во рамките на утврдената правна и статутарна рамка, со која се пропишани условите што треба да ги исполнуваат кандидатите и постапката за избор и дека Програмскиот совет при донесувањето на Одлуката постапувал во рамките на тие одредби.

Томислав Кежаровски повторно зема збор и истакна дека, доколку некој од членовите на Програмскиот совет на МРТ бил изложен на закани, притисоци или други обиди за влијание од страна на Денис Шабани, потребно е за тоа јасно да се произнесе и да ги изнесе своите сознанија, нагласувајќи дека каков било облик на притисок или закана кон членовите на Советот е недозволив.

Билјана Бабиќ зема збор и истакна дека Програмскиот совет не смее да дозволи какви било закани, притисоци врз неговите членови да имаат влијание врз нивното одлучување и врз работата на Советот. Ваквите закани или друг вид несоодветно однесување во рамките на МРТ, без оглед дали се насочени кон вработени или кон членови на Програмскиот совет, се неприфатливи. Таа посочи дека ваквите наводи не треба да останат без соодветно институционално внимание и доколку за тоа постои основ, да се постапи согласно важечките прописи и интерните акти на МРТ.

Лазо Трпков зема збор и истакна дека при идните измени и дополнувања на Статутот и другите интерни акти на МРТ треба да се разгледа можноста за попрецизно уредување на прашањата поврзани со недозволиви притисоци, закани или други облици на несоодветно однесување во рамките на институцијата, како и нивното соодветно земање предвид во рамките на работните односи и професионалниот развој на вработените. Тој нагласи дека каков било обид за влијание врз донесувањето одлуки преку притисок или демонстрација на сила е неприфатлив.

Претседателот Давор Пашоски се надоврза на дискусијата и истакна дека при идно разгледување или дополнување на Етичкиот кодекс на МРТ треба да се разгледа можноста за појасно уредување на принципите за недозволивост на закани, притисоци и други форми на несоодветно влијание врз вработените, членовите на органите на МРТ или врз процесот на донесување одлуки.

Музбајдин Ќамиљи зема збор и потврди дека денот по изборот на заменик на директорот на МРТ се случил настан пред зградата на МРТ во кој, според неговото кажување, Денис Шабани вербално им се обратил нему и на членовите на Програмскиот совет Бурим Рамадани, Патриот Лумани и Беким Лачи на несоодветен и навредлив начин. Тој наведе дека во комуникацијата биле употребени погрдни зборови и изрази кои ги доживеале како заканувачки, изговорени на висок тон, во присуство на повеќе лица кои во тој момент се наоѓале пред зградата на МРТ.

Беким Лачи зема збор и го потврди кажувањето на Музбајдин Ќамиљи во однос на настанот и околностите под кои истиот се случил.

Бурим Рамадани, исто така, го потврди кажувањето за настанот и истакна дека, според него, ваквиот начин на комуникација и однесување е несоодветен и може негативно да се одрази врз угледот и кредибилитетот на МРТ како јавен медиумски сервис.

Патриот Лумани исто така го потврди кажувањето во однос на настанот и истакна дека, имајќи ја предвид природата на изнесените наводи, за случајот треба да биде информиран директорот на МРТ, Зоран Ристоски, со цел да се овозможи негово соодветно институционално разгледување во рамките на МРТ.

Томислав Кежаровски истакна дека, имајќи предвид дека повеќе членови на Програмскиот совет го потврдија настанот и ги изнесоа своите непосредни сознанија за него, добро е изнесеното да биде соодветно разгледано во рамките на МРТ. Во таа насока, посочи дека со информациите изнесени на седницата треба да биде запознаен и директорот на МРТ, заради нивно натамошно разгледување во рамките на надлежностите и важечките интерни акти на МРТ.

Претседателот Давор Пашоски посочи дека за наводите и информациите изнесени во текот на дискусијата ќе биде известен директорот на МРТ, Зоран Ристоски, со цел случајот да добие соодветно институционално внимание. Воедно, нагласи дека какви било форми на закани, притисоци или несоодветно влијание врз членовите на Програмскиот совет се неприфатливи и не смеат да бидат дел од институционалната комуникација и процесот на донесување одлуки во МРТ.

По исцрпување на дискусијата Претседателот Давор Пашоски го стави Предлог-Решението на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 3. Започнување на постапката за подготовка и донесување на Годишната програма за работа на Македонската радио-телевизија за 2027 година**

Претседателот Давор Пашоски ја отвори третата точка од Дневниот ред и рече дека се работи за започнување на постапката за подготовка и донесување на Годишната програма за работа на МРТ за 2027 година.

Со предложениот Заклучок по оваа точка не се усвојува самата Годишна програма, туку формално се започнува постапката за нејзина подготовка, преку утврдување на временската динамика, координацијата на активностите и обврските на сите програмски сервиси, организациони единици и стручни служби во МРТ, со цел Предлог-програмата навремено да биде доставена до Програмскиот совет, по што ќе следува јавна расправа во траење од 30 дена и нејзино конечно донесување, согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Статутот на МРТ, а потоа, најдоцна до 30 октомври 2026 година, Годишната програма да биде доставена до Собранието, согласно законски утврдените рокови.

Тој потсети дека уште при разгледувањето на Годишната програма за работа за 2026 година, како нов состав на Програмскиот совет, заеднички е констатирано дека овој документ во иднина треба да добие поинаков пристап и современ концепт. Определбата на Советот беше Годишната програма да не претставува само формално исполнување на законска обврска, туку вистински стратешки документ, јасен, читлив и прегледен, во кој ќе бидат јасно дефинирани развојната визија, програмските приоритети, главните содржински столбови и очекуваните резултати што јавниот сервис треба да ги постигне во текот на годината. Притоа, тој смета дека е потребно да се следат позитивните примери и добрите практики на европските јавни медиумски сервиси, особено оние членки на ЕБУ, каде годишните програми претставуваат јасни, стратешки и развојно ориентирани документи, а не само формален опис на планираните активности.

Воедно смета дека Програмата за 2027 година треба пред сè да се темели на максимално искористување на сопствените кадровски, продукциски, технички и креативни потенцијали на МРТ. МРТ располага со искусен професионален кадар, urednichki, новинарски, продукциски, програмски и технички капацитети кои треба да бидат носечкиот столб на програмската понуда. Затоа, сопствената продукција треба да претставува основа врз која ќе се гради идентитетот, препознатливоста и јавната вредност на МРТ.

Тоа, секако, не значи исклучување на независните продукции. Напротив, Законот и Статутот јасно ја предвидуваат соработката со независните продуценти и обезбедувањето на европски и домашни аудиовизуелни дела. Притоа, соработката со независните продуценти треба да претставува значаен и комплементарен дел од програмската понуда, особено во областите во кои надворешните продукциски и креативни капацитети можат да донесат

дополнителен квалитет, разновидност и јавна вредност. Таа соработка треба да се развива врз основа на јасни програмски потреби и критериуми за квалитет, водејќи сметка за законските обврски, транспарентноста, финансиската одржливост и јавниот интерес.

Особено имајќи ја предвид актуелната состојба во која се наоѓа МРТ, тој смета дека во следниот период, а особено во текот на 2027 година, треба дополнително да се зајакнува сопствената продукција и поефикасно да се користат сопствените кадровски, технички, продукциски и креативни ресурси, во соодветен баланс со квалитетни содржини обезбедени преку независни продукции и други форми на програмска соработка. Ваквиот пристап треба истовремено да придонесе за унапредување на програмската понуда и за рационално користење на расположливите средства во процесот на финансиска стабилизација на јавниот сервис.

Во исто време, програмата треба доследно да ја следи мисијата на јавниот радиодифузен сервис утврдена со Законот и Статутот. Тоа подразбира обезбедување разновидна, независна, професионална и квалитетна програма која ќе ги задоволува информативните, образовните, културните и забавните потреби на сите граѓани, ќе го негува културниот и јазичниот идентитет, ќе ја поттикнува медиумската писменост, ќе придонесува за развојот на науката, образованието, културата, животната средина и јавниот дијалог, како и ќе ги почитува европските вредности и професионалните стандарди на јавните медиумски сервиси.

Особено важно е веќе во оваа фаза да започне размислувањето и за појасно структурирана програмска шема, со препознатливи и стабилни програмски термини. Покрај исполнувањето на законските обврски, потребно е на граѓаните да им се понуди квалитетна домашна продукција, современа европска и светска играна и сериска програма, документарни содржини, културни, детски и образовни емисии, забавни формати, како и содржини посветени на медиумската писменост, дигиталната трансформација, животната средина, науката, иновациите, здравството и другите теми од јавен интерес. Само со добро осмислена и предвидлива програмска шема јавниот сервис ќе може дополнително да ја зацврсти довербата кај гледачите и слушателите.

Воедно, при подготовката на Годишната програма потребно е да се има предвид дека современиот јавен сервис повеќе не може да се гледа исклучиво како традиционален радиодифузер. Европските трендови јасно покажуваат дека јавните медиуми се трансформираат во мултиплатформски јавни медиумски сервиси, достапни преку телевизија, радио, веб-портали, платформи за содржини по барање (on-demand), YouTube, социјалните мрежи и другите дигитални канали за комуникација. Затоа, Програмата за 2027 година треба да ги постави и основите за понатамошна дигитална трансформација на МРТ, со поголемо присуство на различни дигитални платформи и создавање содржини прилагодени за современите навики на публиката, особено кај младите генерации.

Истовремено, треба да се земе предвид актуелната финансиска состојба во која се наоѓа МРТ. Во тек е процес на финансиска консолидација и зајакнување на механизмите за

внатрешна контрола и ревизија, при што финансиското работење на МРТ е предмет и на соодветните механизми на надзор и контрола предвидени со закон. Токму затоа, Програмата за 2027 година треба да биде реална, финансиски одржлива и заснована на рационално и одговорно користење на расположливите ресурси. Ваквиот пристап треба да придонесе за постепено создавање услови за долгорочна програмска стабилност, подобро планирање на инвестициите и понатамошен развој на продукциските капацитети на МРТ.

Претседателот Давор Пашоски воедно нагласи дека, паралелно со потребата од финансиска консолидација и рационално користење на расположливите ресурси, од особено значење е МРТ да располага со финансиски средства во обемот утврден со закон. Тој посочи дека стабилното и целосно финансирање не претставува привилегија, туку суштинска претпоставка за независно функционирање на јавниот сервис, исполнување на неговата јавна мисија и обезбедување квалитетна програма во интерес на сите граѓани.

Со предложениот Заклучок денес не се определуваат содржините на Годишната програма, туку се создаваат неопходните организациски и временски предуслови за нејзина навремена и квалитетна подготовка, преку активна вклученост на сите организациони единици во МРТ и понатамошна координација со Програмскиот совет, согласно законските рокови.

Целта на Програмскиот совет на МРТ не е да се создаде само програма за една календарска година, туку да се постават темели за нов програмски концепт на МРТ како јавен медиумски сервис кој ќе биде современ, препознатлив, професионален и пред сè свој, со силна сопствена продукција и содржини што ќе ја оправдаат довербата на граѓаните. Тоа е и суштината на трансформацијата од традиционален јавен радиодифузер кон современ јавен медиумски сервис, кој ќе биде достапен на сите платформи, ќе ги следи европските стандарди и ќе остане верен на својата јавна мисија и на интересот на граѓаните.

Претседателот отвори дискусија по однос на оваа точка од Дневниот ред.

Ивана Ефремовски зема збор и рече дека во пресрет на започнувањето на постапката за подготовка и донесување на Годишната програма за работа на МРТ за 2027 година, сака да ги информира членовите на Програмскиот совет, како и раководството на МРТ, дека во изминатиот период до Советот пристигнале бројни реакции, предлози и барања од јавноста. Граѓаните јасно ја изразуваат својата потреба за промени во програмската понуда на МРТ. Тие очекуваат поквалитетни, разновидни и современи содржини, со посебен акцент на сопствената домашна продукција, која отсекогаш претставувала препознатлив белег на јавниот радиодифузен сервис.

Во своите обраќања, гледачите потсетуваат на емисиите и сериите што оставиле траен белег во програмата на МРТ и се уште се паметат како дел од нејзиниот препознатлив идентитет - “Танц со ѕвездите”, “Пирамида”, “Летни лудории”, “Пулсирања”, “Изи”, “Во светот на бајките” и многу други.

Истовремено, укажуваат и на сериозни недостатоци во актуелната програмска стратегија, особено во сегментот на играната и драмската програма, каде што очекуваат значително поголемо присуство на домашни содржини.
Програмскиот совет уште од почетокот на својот мандат доследно се залага за зајакнување на сопствената продукција на МРТ. Воедно токму во период кога МРТ се соочува со финансиска консолидација, стабилизација и спроведување на внатрешна ревизија, неопходно е приоритет да добие создавањето програма со сопствени ресурси и капацитети. Зголемувањето на обемот на сопствената продукција ќе овозможи порационално и поодговорно користење на расположливите финансиски и кадровски ресурси, ќе ја намали потребата од набавка на програмски содржини од надворешни продукции, ќе придонесе за развој и афирмација на професионалните капацитети на вработените и ќе создаде автентична, препознатлива и квалитетна програма што ќе биде во согласност со јавниот интерес и со мисијата на МРТ како јавен сервис.
Дополнително при подготовка на Годишната програма за работа за 2027 година, приоритет на уредниците треба да биде зголемувањето на сопствената продукција и вложувањето во домашни програмски содржини, со што ќе се одговори на очекувањата на јавноста и ќе се зајакне улогата на МРТ како национален јавен радиодифузен сервис.

Беким Лачи зема збор и истакна дека Годишната програма за работа на МРТ за 2026 година била поставена на поопшто ниво, без подетална разработка на одделните програмски содржини. Тој потсети дека Програмскиот совет ја усвоил Програмата во таква форма, но истовремено укажал на потребата Годишната програма за 2027 година да биде подетална, посодржајна и со појасно разработени програмски активности. Во тој контекст, посочи дека на МТВ 2 се емитуваат две политички емисии со сличен концепт и тематика и со учество на исти или слични соговорници, а главната разлика е во новинарите кои ги водат. Според него, ваквите примери треба да бидат земени предвид при планирањето и структурирањето на програмските содржини за 2027 година, со цел да се обезбеди поголема разновидност и подобро искористување на програмскиот простор.

Патриот Лумани зема збор и истакна дека при подготовката на Годишната програма за работа на МРТ за 2027 година потребно е поголемо внимание да се посвети и на финансискиот аспект на планираните програмски содржини. Тој посочи дека, каде што е применливо, Програмата треба да овозможи појасен увид во финансиските средства потребни за реализација на одделните програмски проекти, емисии и други содржини, со цел да се обезбеди пореално планирање и поголема поврзаност меѓу програмските приоритети и расположливите финансиски ресурси.

Маја Седрак зема збор и истакна дека при планирањето и реализацијата на програмските содржини е потребно да се воспостават и соодветни показатели за нивната мерливост и

успешност. Според неа, потребно е да постојат јасни индикатори преку кои ќе може да се следи што од планираното е реализирано, како и каков е интересот и гледаноста на одделните програмски содржини.
Воедно, таа нагласи дека креативноста и создавањето квалитетни и современи содржини треба да бидат едни од основните обележја на јавниот сервис, поради што се очекува поголем креативен придонес од уредниците, новинарите и останатите програмски кадри. Посочи дека МРТ, како национален јавен сервис, треба да понуди современа, препознатлива и конкурентна програма која ќе одговара на потребите и навиките на денешната публика. Во таа насока, истакна дека потпирањето на стари програмски содржини не може да биде основа за зголемување на гледаноста и интересот на публиката и дека Годишната програма за 2027 година треба да донесе видливо унапредување на квалитетот, современоста и креативноста на програмската понуда.

Бурим Рамадани зема збор и истакна дека, според неговата оценка, од планираните содржини во Годишната програма за работа на МРТ за 2026 година, во делот што се однесува на Вториот програмски сервис на МТВ, досега се реализирани околу 30–40 проценти. Во таа насока, посочи дека при подготовката на Програмата за 2027 година е потребно да се посвети поголемо внимание не само на реализацијата на планираните содржини, туку и на нивниот квалитет и атрактивност за публиката. Според него, програмската понуда треба да биде интересна, динамична и содржински квалитетна, со цел да го задржи и зголеми интересот на гледачите.

Томислав Кежаровски зема збор и истакна дека се согласува со претходно изнесените ставови, при што предложи Програмскиот совет еднаш месечно да дискутира за реализацијата на Годишната програма, односно да разгледува што од планираните програмски содржини е реализирано, а што не е реализирано.

Претседателот Давор Пашоски се согласи со потребата од континуирано следење на реализацијата на Годишната програма и посочи дека, во таа насока, би можело да се организираат квартални средби со одговорните уредници, на кои подетално би се разгледувал степенот на реализација на планираните програмски активности, како и евентуалните отстапувања и предизвици во нивното спроведување. Тој оцени дека ваквата практика би овозможила Програмскиот совет да има подобар и поредовен увид во реализацијата на Годишната програма.
Марјан Велевски зема збор и истакна дека е потребно да се размислува за дополнително унапредување на концептот на Утринската програма, оценувајќи дека во сегашната форма таа е недоволно динамична. Според него, програмата треба да биде пожива, покреативна и содржински поразновидна, со посовремен и порелаксиран пристап, без притоа да се изгубат нејзиниот информативен карактер и професионалните стандарди.

По завршување на дискусијата Претседателот Давор Пашоски го стави Предлог-заклучокот на гласање.

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

По завршувањето на расправата по оваа точка, Претседателот констатираше дека од изнесените мислења и предлози произлегува потребата Програмскиот совет да донесе и дополнителен заклучок, со кој ќе се утврдат насоки за приоритетно користење на сопствените кадровски, технички и продукциски капацитети на МРТ, рационално планирање на програмските содржини и обезбедување целосна усогласеност при набавката на програмски содржини од надворешни продукции со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Статутот на МРТ.

Претседателот Давор Пашоски го стави Предлог-заклучокот на гласање.

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

По исцрпувањето на дневниот ред, Претседателот на Програмскиот совет на МРТ констатираше дека 55-та седница на Програмскиот совет на МРТ е завршена. Претседателот се заблагодари за присуството со што ја затвори Педесет и петтата седница на Програмскиот совет на МРТ во 14:30 часот.

Записникот го водеше:

Емилија Камчева Стојановска

Претседател на Програмски Совет на МРТ

02-4338/5
29.07.2026г.

______________________

Давор Пашоски